# ИНТЕРЕН АКТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЧЕНИК-ЖРТВА НА КОЈА БИЛО ОД ФОРМИТЕ НА НАСИЛСТВО,ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ

Август, 2025

Врз основа на член 66 став(14) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19,229/20,03/25 и 74/25),и Правилник за начинот на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издадено од МОН (број:18-9670/1 од 07.07.2025год.) ООУ Стив Наумов-Скопје донесе:

**ИНТЕРЕН АКТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА**
**НА УЧЕНИК-ЖРТВА НА КОЈА БИЛО ОД ФОРМИТЕ НА НАСИЛСТВО,ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ**

**Член 1**
**Цели на Интерниот акт**

Со Интерниот акт за постапување во ситуации на насилство (во понатамошниот текст Интерен акт) се регулираат правата, обврските и одговорностите, како и начините на постапување на директорот на училиштето, стручните соработници, наставниците, учениците, родителите и другите вработени во училиштето во ситуации на зголемен ризик и насилство во училиштето, со цел заштита на учениците и сите вработени. Целта на Интерниот акт е да се превенираат можните ситуации на насилство и адекватно да се постапува во конкретни кризни ситуации со цел заштита на учениците, родителите и сите вработени во училиштет како и промовирање на безбедна училишна средина. Принципите на кои се темели овој Интерен акт е најдобар интерес на детето, стручност и одговорност, информираност, како и забрана на секаков вид на насилство, дискриминација, злоупотреба или занемарување.

**Член 2**
**Дефинирање и превенција на насилство**

Насилството е употреба на сила и моќ на едно лице што предизвикува повреда и штета врз друго лице. Насилното однесување може да се случува во различни релации: возрасен – дете, дете – дете, возрасен – возрасен.
Под насилство се подразбираат сите форми на физичко, психолошко, врсничко, социјално, сексуално и кибер насилство, како и сите форми на злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, малтретирање или експлоатација.
Превенција од насилното однесување и спречување на насилството претставува збир на мерки и активности кои имаат за цел создавање безбедна, сигурна и поддржувачка средина, односно развивање и негување на атмосфера на соработка, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на одредени правила на однесување во рамките на воспитно-образовните активности, развивање на вештини за препознавање и ефикасно реагирање во ситуации на насилство.

## Член 3
## Должности на училиштето и одговорни лица

- Сите вработени во училиштето треба да се запознаени со Правилникот и Интерниот акт за постапување во случаи на насилство.
- Училиштето е должно да ги објави Правилникот за начинот за пријавување и заштита на која било од формите на насилство,злоупотреба и занемарување на која било од формите на насилство и овој Интерен акт на веб страната на училиштето.
- Училиштето е должно редовно, најмалку еднаш во 4 години да го ажурира овој интерен акт, согласно потребите на сите лица вклучени во училишниот живот.
- Училиштето назначува контакт лица за пријавување на насилство:
  Александра Крстевска- психолог
  Биљана Василевска -педагог (заменик)
- Email адреса за пријавување насилно однесување prijavinasilstvoSN@yahoo.com
- телефонски број за пријавување насилство 075 272 560
- Секој одделенски раководител на паралелката е должен да го претстави овој Интерен акт на часот на одделенската заедница на почетокот на учебната година, на начин приспособен за возраста на учениците.
- Училиштето е должно континуирано да работи на едукација и покренување на свеста во врска со врсничкот насилство (учество во обуки и проекти наменети за ученици и наставници за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство).

**Распределба на улоги и одговорности на вработени во училиштето за превенција и постапување во случај на насилство**

| Категорија на вработен | Клучни обврски/задолженија | Начин на постапување | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Директор | Формира Тим за спречување насилство врз учениците<br>Назначува контакт лице и негов заменик<br>Назначува лице одговорно за следење на имплементацијата на интерниот акт<br>Го информира УО и Советот на родители за активностите за превенција и мерките за заштита од насилство врз учениците<br>Пријавува насилство или сомнеж за насилство над ученик | Ја следи имплементацијата на Интерниот акт за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br>Свикува редовни состаноци на Тимот за спречување насилство врз учениците<br>Следење на состојбата во училиштето преку видео надзор | Одговорен е за целокупната организација и реализација на активностите |
| Наставнички совет | Усвојување на Интерниот акт за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | Разгледува документи, предлага и донесува одлуки за мерки и активности за превенција и заштита од насилно однесување во училиштето | Одговорен за донесување одлуки за мерки и активности за превенција и заштита од насилство во училиштето |
| Стручни соработници | Креирање стратегии за превенција и интервенција во случај на насилство во училиштето<br>Пријавување насилство или сомнеж за насилство врз ученик<br>Дава стручна поддршка на учениците, наставниците и родителите<br>Води евиденција за пријавите и постапките во случај на појава на насилство во училиштето | Спроведување работилници за препознавање на формите на насилство<br>Редовен пристап до анонимните пријави за насилство(кутија и онлајн пријава)<br>Водење евиденција за состаноците на Тимот за спречување насилство<br>Евидентирање на пријавите и превземените мерки, активности и постапки во случај на пријава на насилно однесување врз ученик согласно Интерниот акт<br>Советодавно-консултативна работа со ученикот кој е жртва на насилно однесување, со учениците сторители на насилното однесување, со родителите на учениците сторители на насилното однесување и меѓусекторска соработка<br>Ја следи имплементацијата на Интерниот акт за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | Александра Атанасовска Крстевска- контакт лице за пријавување насилство<br>Биљана Василевска- контакт лице за пријавување насилство (заменик)<br>Билјана Теовска- лице за следење на имплементацијата на Интерниот акт за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br>Спроведување едукативни и превентивни активности на ниво на училиште |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одделенски/ класен раководител | На часот на одделенска заедница го претставува Интерниот акт за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br>Пријавување насилство или сомнеж за насилство над ученик | Спроведување работилници на часовите на одделенска заедница за препознавање на формите на насилство и негово пријавување<br>Континуирано следење на однесувањето на учениците, соработка со стручните соработници и родителите<br>Евидентирање на одржаните работилници<br>Советодавно-консултативна работа со ученикот кој е жртва на насилно однесување, со учениците сторители на насилното однесување и со родителите на учениците сторители на насилното однесување<br>Евидентирање на спроведените разговори со ученици/родители за случаите на насилно однесување | Комуникација со членовите од Тимот за спречување насилство:<br>Благица Блажеска- предметен наставник<br>Јордан Петрушевски- одделенска наставник<br>Тоше Трајковски- предметен наставник<br>Анетка Трајкова- одделенски наставник<br>Стручни соработници |
| Дежурен наставник | Редовни дежурства за време на одморите според однапред утврден распоред<br>Пријавување насилство или сомнеж за насилство над ученик | Следење на учениците за време на одморите и пријавување насилство или сомнеж за насилство на определениот предметен/одделенски наставник од тимот за спречување насилство | При отсуство на дежурниот наставник мора да се назначи негов заменик |
| Секретар и благајник | Ги координира дежурствата/задолженијата на помошно-техничкиот персонал<br>Пријавување насилство или сомнеж за насилство над ученик | Следење на учениците за време на одморите и пријавување насилство или сомнеж за насилство на определениот предметен/одделенски наставник од тимот за спречување насилство | Одговорен за следење на активностите на помошно-техничкиот персонал |
| Надворешно обезбедување | Пријавување насилство или сомнеж за насилство над ученик | Патролирање низ училиштето и училишниот двор<br>Контрола на влезовите на училиштето | Одговорен за физичко обезбедување на учениците и вработените |
| Хигиеничари<br>Хаус мајстор | Редовни контроли во ходниците и тоалетите за време на часовите<br>Пријавување насилство или сомнеж за насилство над ученик | Следење на однесувањето на учениците во тоалетите за време на одморите (часовите) | Запознавање на помошно-техничкиот персонал од страна на стручните соработници со основните индикатори за насилство |
| Ученици | Ги почитуваат правилата на однесување во училиштето<br>Пријавување насилство или сомнеж за насилство над ученик | Разговори со одделенски/класен раководител, стручни соработници и родители за појавите на насилно однесување во училиштето | Учество во работилници за препознавање и превенција на насилното однесување |
| Дежурни ученици | Редовни дежурства на влезовите на училиштето<br>Редовни дежурства во училница | Спроведување на своето дежурство во временски определената рамка и следење на учениците при што го пријавуваат детектираното насилство или | Дежурните ученици на влезот и во училницата ги определува оделенскиот/ класниот раководител |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Редовни дежурства во соблекувалните на фискултурната сала<br>Пријавување насилство или сомнеж за насилство над ученик | сомнежот за насилство | Дежурните ученици во предметна настава на часот по физичко образ. ги определува наставникот по физичко и здравствено образование |
| Родители | Пријавување насилство или сомнеж за насилство над ученик | Континуирана соработка со училиштето(класниот/одд.раководител и стручните соработници)<br>Разговори со своите деца за однесувањето на учениците во училиштето и за појавите на насилно однесување | Учество во активности за превенција на насилно однесување |

**Член 4**
**Интервенција и категоризирање на насилството**

Секој е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство над ученик без разлика дали насилството се случило во училиштето, на пат до училиштето, во училишниот двор, или во домот на ученикот. Секој ученик може да пријави насилство на секој вработен со кого чувствува дека може да разговара и да му верува.

**Вработените се должни веднаш да го прекинат насилството. Запирањето на насилството е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата за случајот или бил сведок на насилството.**

Целта на интервенцијата во случаи на насилство е да се прекине насилството, да се заштити жртвата, да се промени однесувањето на сторителот и да се влијае врз факторите кои придонеле за појавување на насилството. При реализација на активностите во секоја од фазите на интервенција училиштето ги применува насоките дадени во Правилникот за начинот за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Категоризирањето на насилството по нивоа (види табела 1,2 и 3 на стр. 4), има за цел да осигура еднакво постапување (интервенција) во ситуации кога учесници се ученици (ученик-ученик, ученик-вработен) .

Исти форми на насилство можат да се појават во повеќе нивоа, но се разликуваат според интензитетот, степенот на ризик, зачестеноста, последиците и учесниците.

**Табела бр. 1- Прво ниво**

| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
|---|---|---|---|---|
| - Удирање „чврги“<br>- Буткање<br>- Штипење<br>- Гребење<br>- Кубење<br>- Гризење<br>- Сопнување<br>- Шутирање<br>- Валкање<br>-Уништување на предмети | - Исмевање<br>-Омаловажување<br>- Озборување<br>- Навредување<br>-Ословување со погрдни имиња<br>- Пцуење<br>- Имитирање<br>- „прозивање“ | - Дофрлање<br>- Потсмевање<br>- Игнорирање | - Дофрлање<br>- Пцуење<br>- Негативни коментари<br>- Гестикулации со сексуална алузија | - Повремени вознемирувачки повици на телефон<br>- Вознемирување по СМС, ММС – пораки<br>- Вознемирувачки пораки на социјални мрежи |

**Табела бр. 2 -Второ ниво**

| Физичко насилство | Емоционално /психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
|---|---|---|---|---|
| -Шлаканици<br>- Удирање<br>- Газење<br>- Кинење на облека<br>- Затворање<br>- Плукање<br>- Одземање и уништување на сопственост | - Уценување<br>- Закани<br>- Неправедно казнување<br>- Етикетирање<br>- Забрана за комуницирање<br>- Исклучување<br>- Отфрлање<br>-Манипулирање | - Сплеткарење<br>- Игнорирање<br>- Отфрлање<br>- Невклучување<br>- Неприфаќање<br>- Манипулирање<br>- Експоатација<br>- Исклучување од групата врз дискриминаторска основа<br>- Навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа | - Сексуално допирање<br>- Покажување на порнографски материјал<br>- Покажување на интимни делови на телото<br>- Соблекување | - Огласи<br>- Клипови<br>- Блогови<br>- Злоупотреба на форуми и четувања<br>- Сексуално насилство во видеоигри<br>- Снимање со камера на насилни сцени<br>- Дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност |

| Табела бр.3 -Трето ниво | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибер - насилство |
| -Тепачка, давење, фрлања кои резултираат со сериозни последици/укажана помош од лекар<br>-Напад со палка, нож, оружје кој може да има фатален исход<br>-Предизвикување на изгореници<br>-Забрана на храна и спиење<br>-Изложување на ниски температури | -Застрашување со уцена<br>-Рекетирање<br>-Ограничување на движење<br>-Наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални)<br>-Вклучување во секти<br>-Занемарување | -Сериозни закани за животот<br>-Изживување на група над поединец/група<br>-Дискриминација<br>-Организирање на затворени групи ( кланови)<br>-Навреди и вознемирување брз дискриминаторска основа | -Заведување од страна на возрасни<br>-Подведување<br>-Злоупотреба на моќта<br>-Наведување<br>-Изнудување и принудување на сексуална активност<br>-Силување<br>-Полов напад врз дете кое не навршило 14 години<br>-Зодоволување на полови нагони пред друг<br>-Обљуба со злоупотреба на положбата | -Дистрибуирање или објавување на приватни снимки и слики без согласност<br>-Снимање на вулгарни и насилни сцени кои масовно се дистрибуирани<br>-Прикажување на поргнографски материјал<br>-Производство и дистрибуција на порнографски материјал |

## Член 5
## Форми на насилство од прво и второ ниво и интервенции

Кога станува збор за инцидент на насилство, без значајни последици, кој се случува прв пат и е на прво ниво, вработениот кој го прекинал насилството не е обврзан да го повика контакт- лицето за пријавување на насилството туку сам треба да ја смири ситуацијата. Во случај да процени дека не може самостојно да влијае или ситуацијата почнува повторно да ескалира, ќе го повика контакт-лицето.

На прво ниво одделенскиот раководител самостојно презема активности во соработка со родителите, во смисла на поинтензивна воспитна работа со ученикот, групата на ученици или со паралелката и уредно водење на евиденција за преземените мерки.

Кога станува збор за инцидент на насилство од второ ниво вработениот кој го прекинал насилството е должен да го извести/повика контакт-лицето за пријавување на насилството, кое може, во зависност од ситуацијата, да одлучи да повика и претставници од други институции. Пред да повика други институции задолжително го известува директорот на училиштето, освен во случаите кога поради итност мора веднаш да се повика полиција или здравствена служба.

На второ ниво, одделенскиот раководител презема активности во соработка со стручен соработник од училиштето (психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор) и/или со директорот, со задолжително учество на родителите, во смисла на интензивна воспитна работа со ученикот, групата на ученици или со паралелката и уредно водење на евиденција за договорените и преземените мерки.

Доколку мерките не се делотворни, ќе се преземат активности за постапка на изрекување на педагошки мерки, во согласност со законот.

## Член 6
## Насилство од трето ниво и интервенции

Кога станува збор за инцидент на насилство од трето ниво вработениот кој го прекинал насилството е должен да го повика контакт-лицето за пријавување на насилството.

На трето ниво активностите и мерките ги презема директорот на училиштето во соработка со стручниот тим од училиштето (психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор), со задолжително вклучување на родителите и надлежни органи, организации и служби (полиција, центар за социјална работа, здравствена установа и други). Пред да повика други институции контакт-лицето задолжително го известува директорот на училиштето, освен во случаите кога поради итност мора веднаш да се повика полиција или здравствена служба. Активностите кои ќе се одвиваат треба да бидат во согласност со Правилникот.

На ова ниво задолжително се спроведува воспитна работа со интензитет прилагоден на потребите на ученикот, како и преземање активности од постапката за изрекување на педагошки мерки, во согласност со законот.

**Член 7**
**Должности на сите вработени во училиштето**

Во случај на насилство меѓу учениците во училиштето, сите вработени се должни:

- да побараат од учесниците во конфликтот веднаш да го прекинат насилното однесување, со решителен, но мирен глас;
- да ги разделат учениците, да го спречат меѓусебниот физички контакт или насилно однесување;
- од останатите ученици да побараат да се оддалечат, користејќи при тоа мирен, но решителен тон;
- да се пружи помош на повредениот ученик;
- да се известат одделенскиот раководител и контакт лицата.
- Посебните должности при интервенциите во случај на насилно однесување во училиштето произлегуваат од правата и обврските кои се во описот за одредено работно место.

**Член 8**
**Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот**

По смирувањето на ситуацијата и добивањето информации од разговорите со сите вмешани и сведоци на насилството, училиштето одлучува дали и кои мерки на заштита ќе се спроведат.
Планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесување на сторителот може да вклучува:
-Психо-социјална поддршка на жртвата од страна на училишниот психолог или други стручни соработници;
-Мерки за физичко одделување на жртвата од сторителот или преместување во друга паралелка;
-Мерки за промена на однесувањето на сторителот кои вклучуваат психо - социјална поддршка од психолог и упатување на родителот на психосоцијално советување во надлежната установа.
-Педагошки мерки кон сторителот- согласно Закон за основно образование. Се изрекува само во случаите кога мерките за промена на однесувањето не покажуваат резултати и кога се работи за случај на насилство од табела бр. 2 и 3.
-Преместување на сторителот во друго училиште - овие мерки се користат за случаите на насилство од табела бр. 2 кои се повторуваат или случаите од табела бр. 3 и не претставува педагошка мерка, туку мерка за заштита на жртвата од насилство (во случаи кога има голема траума за жртвата со последици врз здравјето и психо-физичкиот развојот на жртвата).
-Мерки за поддршка на набљудувачите или сведоците-овие мерки вклучуваат разговарање, објаснување на случајот и околностите. Не смеат да се водат во присуство на ученикот жртва и ученикот сторител. Овие ученици може да се вклучат во едукативни активности, предавања и работилници на теми поврзани со случаи на насилство, за ненасилна комуникација и врсничка поддршка на жртви на насилство.
Сите мерки кои се однесуваат на жртвата мора да се донесат со нејзино вклучување, согласување и земање предвид на нејзините желби и потреби.
Родителите /старателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработка на планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на принципот на најдобар интерес на детето.

**Член 9**

**Евиденција на ситуации на насилно однесување Училиштето води евиденција за ситуациите на насилство.**

Контакт лицата се должни да го евидентираат секој случај на насилство над ученик во Формулар за евиденција на насилство според Правилникот. Во формуларот се евидентираат случаите на насилство од ниво 1 кои се повторуваат и случаите од ниво 2 и ниво 3. За случаите од ниво 1 доколку не е вклучено контакт-лицето за насилство, евиденцијата и водењето на разговори ја прави одделенскиот раководител/одговорниот наставник.

**Член 10**
**Завршни одредби**

Целокупната документација за случаите на насилно однесување се чува кај стручната служба на училиштето и мора да биде заштитена од било каков вид на злоупотреба. Училиштето е должно секогаш кога има потреба да соработува со институциите на системот со цел поуспешна координација на активностите.

Овој Интерен акт влегува на сила од денот на негово усвојување.

Директор

______________________